**ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ НА ДНУ - ПРИЛЕП**
**ANNALS OF PAPERS ASA - PRILEP**

**ДРУШТВО ЗА НАУКА И УМЕТНОСТ - ПРИЛЕП**
**ASSOCIATION OF SCIENCE AND ART - PRILEP**

**Излегува:** Еднаш годишно

**Главен и одговорен уредник**
**Editor in chief**
Проф. д-р Коста Сотироски

**Редакциски одбор:**
**Editorial board:**
1. Проф. д-р Коста Сотироски
2. Д-р Јосиф Мицковски
3. Д-р Трајко Мицески
4. Проф. Александар Ивановски - Глоговичанец
5. Проф. Билјана Трчкоска

**Лектура**
**Lecteurer:**
Мирјана Стојкоска

**Коректура**
**Proofreader:**
Мирјана Стојкоска
Хриса Талимџиоска

**Превод на резимеата на англиски јазик** од авторите
**Превод на резимеата на француски јазик**
**Translated in to Franch**
Проф. Билјана Трчкоска

**Компјутерска обработка и графичка подготовка**
Печатница „11 Октомври“ АД - Прилеп

**За издавачот:**
Д-р Дукадин Кампикоски

**Зборник на трудови на ДНУ - Прилеп, бр. 19/20, стр. 1- 2003/2004**

**Печати:** Печатница „11 Октомври“ АД - Прилеп
**Тираж:** 300 примероци
**Copies printed** - 300
**Адреса на Редакцијата на списанието:**
ДНУ - 7500 ПРИЛЕП, „Ѓорче Петров“ 54. П. фах. 172

ЗБ. ТР. ДНУ - ПРИЛЕП, 19/20, Стр. 1 – 397, Прилеп, 2003/2004
AN. PAP. ASA – PRILEP, 19/20, Page 1 – 397, Prilep, 2003/2004

**УДК**
**001**
**7**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ НА ДНУ
# ANNALS OF PAPERS ASA

ТОМ 19/20 ГОДИШТЕ
2003/2004
ПРИЛЕП
PRILEP

| ЗБ. ТР. ДНУ - ПРИЛЕП, 19/20<br>AN. PAP. ASA - PRILEP, 19/20 | Стр. 1 – 397, Прилеп, 2003/2004<br>Page 1 – 397, Prilep, 2003/2004 |
|---|---|

ЗБ. ТР. ДНУ - ПРИЛЕП, 19/20, стр. 187-198, 2003/2004
AN. PAP. ASA - PRILEP, 19/20, page 187-198, 2003/2004

# ЕКОНОМСКО - СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Д-р Трајко МИЦЕСКИ

## В О В Е Д

Тутунот во нашиот општествено-економски живот има свое значење, кое произлегува од следното:

– неговото производство обезбедува високо учество во општествениот производ во Републиката, кое се движи од 2,5% до 4,04%, во зависност од годините;

– претставува важен внатрешен трговски и извозен артикл на земјата, чиишто извоз достигнува околу 100 милиони долари во текот на одделни години;

– со своите биолошки својства може да се одгледува скоро во сите делови од нашата земја;

– неговото производство не се врзува за типично земјоделски домаќинства, туку со него можат да се занимаваат и други домаќинства, со мали вложувања;

– во дел од неговите призводни операции, можат да бидат вклучени луѓе од различна возраст и пол;

– ангажирање на голема работна сила, која зафаќа од 10% до 15% од целокупното население во нашата земја;

– обезбедува рамномерен развој на оваа гранка, како во населените места (селата), така и во градовите, итн.

Овие и други показатели укажуваат на значењето и улогата на тутунот како земјоделска култура која овозможува развивање

стопанска активност за егзистенција на домаќинството или дополнување на неговиот буџет.

Во тој поглед, основната цел на овој труд, е да се даде скромен придонес во расветлувањето на економските и социјалните аспекти кои се поврзани со тутунопроизводството.

## МЕТОДИ НА РАБОТА И ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИ

Во овој труд посебно внимание беше посветено на расветлувањето на некои економски и социјални аспекти на тутунопроизводствената дејност.

Во обработката на податоците се користени: аналитичкиот, математичко-статистичкиот и компаративниот метод. Како платформа се користени секундарни интерни и секундарни екстерни извори на податоци.

## УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ТУТУНОТ НИЗ ИСТОРИЈАТА И ДЕНЕС

Познато е дека тутунот со својата историска улога спаѓа во позначајните индустриски култури во светот, што произлегува од неговото користење во минатото, како лек за лекување на многу болести, рани и слично, како средство за уживање преку групното вдишување на чадот од големите запалени огнови на Индијанците, поединечното пушење, шмркање или цвакање, како и неговото одгледување во дворовите на видните граѓани во европските земји, како украсно и лековито растение.

Денес, тутунот се произведува во околу 120 земји, а се употребува во сите земји во светот, бидејќи „тој, како и кафето и алкохолот е наша секојдневна дрога, достапна за секој џеб“, како што истакнува д-р Bruno Busio[1].

Во некои земји, неговото производство и употреба предизвикале развивање на цел комплекс меѓусебно поврзани и зависни активности, опфатени под поимот тутунска гранка (производство, обработка, преработка, откуп, пазар на тутун и тутунските преработки, научно-истражувачки активности, фискална политика, итн.).

---

[1] D-r Bruno Bisio, Psiche e droga, Bulzoni Editore, Roma, 1976, (во превод: „Psiha i droga“, NS, Zagreb, 1977 str. 285.



Денес, во светот, сè повеќе се зголемува производството на конјуктурни типови. Конкуренцијата во квантитетот, цените и квалитетот, станува сè позначајна. Многу земји, конкуретноста на своето национално производство, ја поттикнуваат преку соодветни субвенции или преку заштита на домашното производство.

Во прометот со тутун доминираат големи специјализирани светски трговски фирми, како и други видови организации.

Националните тутунски стопанства, во целост или во одделни нивни сегменти, по правило, се доста добро организирани, нормативно регулирани, самоорганизирани, меѓусебно поврзани, во соработка со државата, субвенционирани, заштитени и слично.

Овие и многу други карактеристики, тутунската гранка ја прават добро организирана во својот настап кон државата, или во партнерството со државата за настап на надворешниот пазар.

## КРАТОК ОСВРТ ВРЗ ЕКОНОМСКОТО ЗНАЧЕЊЕ НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

Значењето на производството на тутунот во нашиот општествено-економски живот е повеќекратно. Меѓу другото, посебно ќе ги истакнеме следните аспекти:

– по своите специфичности, тој е земјоделска и индустриска култура. Како земјоделска култура, со своите биолошки својства може да се одгледува скоро во сите делови од нашата земја, како на почви со повисок, така и на почви со понизок бонитет (до VII класа), а тоа значи користење на почвите на кои, со одгледување на други поледелски култури, не е можно да се постигне таков економски ефект каков што би се постигнал со производството на тутун. Како индустриска култура се јавува преку неговата суровина за обработка и финализација во тутунската индустрија, која во нашата земја е застапена со 3 големи фабрики за цигари (Прилеп, Скопје и Куманово);

– во неговото производство, односно во дел од производните операции, можат да бидат вклучени луѓе од различна возраст и пол, т.е. сите оние на кои им дозволува здравствената состојба и кои пројавуваат желба да се занимаваат со тоа;

– неговото производство не се врзува со типични земјоделски домаќинства, туку со него можат да се занимаваат и други домаќинства каде организаторите на производството се вработени во

други дејности, па производството на тутун им служи како дополнителен извор на приходи, или пак имаат идеја да развијат мали претпријатија со основна дејност производство на тутун;

– ангажирање голем број на работна сила, односно во неговото производство се вклучени просечно над 200.000 лица, што претставува околу 10% од целокупното население во нашата земја;

– обезбедување на рамномерен развој на оваа гранка, како по населените места (селата), така и во градовите, со што на дел од населението од селските средини делува врз смирувањето на миграцијата по градовите, а на дел од мигрираното селско население по градовите, за време на производствените операции на тутунот, да се враќа по селата;

– обезбедување релативно високи приходи, без поголеми инвестициски тековни вложувања по домаќинство;

– тутунот на ниво на Републиката претставува предмет на внатрешната трговија на мало и големо. Прометот на тутун во трговијата на мало, според продажбата на тутун што ја извршиле трговските претпријатија, вклучувајќи ги тука и продавниците на производните претпријатија и одделни дуќани, е доста голем и изнесува околу 3% во вкупната трговија, изразено во финансиски показатели (Табела 1 и 2).

Внатрешната трговија со тутунот на големо во последните анализирани 7 години (1995-2001), учествува со процент од 8% до 16% во вкупната внатрешна трговија на големо во земјава (Табела 3 и 4).

– тутунот со својот квалитет, претставува важен извозен артикл на земјата, при што во некои години достигнува околу 100 милиони долари (Табела 5 и 6).

Табела 1. Промет во трговијата на мало по група на производи

Во илјади денари

| Години | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 30.527.915 | 27.892.832 | 35.778.096 | 35.769.206 | 40.413.343 | 49.105.964 | 44.996.685 |
| Тутун | 1.115.991 | 1.095.749 | 1.092.127 | 1.089.827 | 1.228.031 | 1.834.795 | 985.304 |

Извор: Статистички годишник на Р. Македонија 1998, 2000 и 2002, стр. 370, 511 и 589.



Табела 2. Структура на прометот во трговијата на мало по група на производи

Во илјади денари

| Години | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Тутун | 3,7 | 3,9 | 3,0 | 3,0 | 3,0 | 3,7 | 2,2 |

Извор: Статистички годишник на Р. Македонија 1998, 2000 и 2002, стр. 370, 511 и 589.

Табела 3. Промет во трговијата на големо по група на производи

Во илјади денари

| Години | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 34.892.751 | 33.174.111 | 45.007.519 | 50.035.192 | 46.803.550 | 76.981.312 | 69.219.494 |
| Тутун | 3.748.414 | 3.842.791 | 6.403.763 | 7.934.238 | 4.568.830 | 6.483.546 | 5.362.827 |

Извор: Статистички годишник на Р. Македонија 1998, 2000 и 2002, стр. 376, 517 и 594.

Табела 4. Структура на прометот во трговијата на големо по група на производи

во %

| Години | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Тутун | 10,7 | 11,6 | 14,2 | 15,9 | 9,8 | 8,4 | 7,7 |

Табела 5. Извоз по стоковни сектори, со осврт на тутунот

Во илјади САД долари

| Години | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 1.204.048 | 1.147.440 | 1.180.133 | 1.310.679 | 1.191.266 | 1.322.617 | 1.155.068 |
| Производство и преработ. на тутун | 39.766 | 67.432 | 102.865 | 80.482 | 112.986 | 85.115 | 74.966 |

Извор: Статистички годишник на Р. Македонија 1997, 1998, 2000 и 2002, стр. 498, 540, 396 и 534.

Табела 6. Учество на извозот на производството и преработката од тутун во вкупниот извоз

во %

| Години | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Учество на производството и преработките од тутун во вкупниот извоз | 3,3 | 5,8 | 8,7 | 6,1 | 9,5 | 6,4 | 6,5 |

Овие и други податоци укажуваат дека тутунот како земјоделска и индустриска култура има особено влијание врз економските состојби во земјата, како кај индивидуалните тутунопроизводители, така и кај претпријатијата.

Поголем дел од тутунопроизводителите својата економска егзистенција ја наоѓа во производството на тутун како основна дејност, а други со средствата остварени преку производството на тутун го дополнуваат својот семеен буџет.

Исто така, доста е голем и бројот на вработените во претпријатијата за производство и преработка на тутун, кои со своите месечни примања, т.е. плати го создаваат семејниот буџет.

Бројот на вработените и нивните просечни месечни плати во периодот од 1992 до 2001 година, се движи како што е прикажано во Табелите 7 и 8.

Табела 7. Работници во Република Македонија по гранки на дејности

Годишен просек

| Години | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 446.117 | 421.028 | 395.686 | 356.617 | 339.824 | 319.453 | 310.213 | 315.792 | 311.716 | 297.780 |
| Производство и преработ. на тутун | 6.191 | 6.081 | 6.032 | 5.660 | 4.984 | 4.708 | 5.246 | 6.058 | 5.814 | 5.182 |

Извор: Статистички годишници на Р. Македонија (1992-2002).



Табела 8. Нето плати по работник

Нето плати по работник во денари

| Години | 1992 | 1993 | 1994 | 1995 | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 635 | 3.782 | 7.754 | 8.581 | 8.817 | 9.063 | 9.394 | 9.664 | 10.193 | 10.552 |
| Производство и преработ. на тутун | 824 | 4.942 | 9.898 | 10.776 | 10.239 | 10.952 | 11.391 | 11.454 | 11.235 | 11.554 |

Извор: Статистички годишници на Р. Македонија (1992-2002).

Согласно претходноизнесеното, може слободно да се каже дека стопанисувањето со тутунот има големо економско значење за нашата Република, како од аспект на стабилизирање на економската состојба, така и од аспект на подобрување на социјалната состојба.

## КРАТОК ОСВРТ ВРЗ СОЦИЈАЛНИОТ АСПЕКТ НА ТУТУНОПРОИЗВОДСТВОТО

Не може да се зборува за значењето на тутунот за одделни области, доколку не се спомне и социјалниот (општествениот) аспект, зашто, општеството го сочинуваат луѓето и тие со својата активност или неактивност придонесуваат за движењето и развојот на општеството.

Слободно може да се каже, дека тутунопроизводствената дејност, вклучува голем дел од населението, кое во неа наоѓа своја егзистенција или пак го дополнува семејниот буџет. Иако со развојот на техниката, оваа гранка губи дел од својата трудоинтензивност, сепак, може да се каже дека најдолгиот нејзин процес, т.е. берењето и нижењето, сè уште, бара вклучување поголем број лица.

Ретроспективните податоци за еден долгорочен период (повеќе од половина век) говорат дека во тутунопроизводството, било како основна, било како дополнителна дејност, биле вклучени и до 20% од целокупното наше население.

Тоа најдобро може да се види од Табелата 9, каде е прикажан бројот на тутунопроизводители, засадените површини под тутун и просечната површина по тутунопроизводител во периодот од 1961 до 2000 година.

Табела 9. Број на производители и просечно засадена површина под тутун на тутунопроизводител

| Р. бр. | Години | Број на тутунопроизводители | Засадена површина во хектари | Просечни површини на тутунопроизводители во ха |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 1961 | 62,409 | 14,105 | 0.23 |
| 2 | 1962 | 74,809 | 20,286 | 0.27 |
| 3 | 1963 | 101,375 | 28,523 | 0.28 |
| 4 | 1964 | 104,697 | 32,632 | 0.31 |
| 5 | 1965 | 96,507 | 32,184 | 0.33 |
| 6 | 1966 | 103,910 | 34,342 | 0.33 |
| 7 | 1967 | 98,420 | 31,599 | 0.32 |
| 8 | 1968 | 79,584 | 30,103 | 0.38 |
| 9 | 1969 | 77,558 | 27,160 | 0.35 |
| 10 | 1970 | 69,586 | 28,833 | 0.41 |
| 11 | 1971 | 65,392 | 26,986 | 0.41 |
| 12 | 1972 | 69,770 | 28,983 | 0.42 |
| 13 | 1973 | 71,886 | 28,962 | 0.40 |
| 14 | 1974 | 69,913 | 30,084 | 0.43 |
| 15 | 1975 | 78,776 | 33,132 | 0.42 |
| 16 | 1976 | 79,408 | 32,739 | 0.41 |
| 17 | 1977 | 74,313 | 31,355 | 0.42 |
| 18 | 1978 | 67,536 | 29,116 | 0.43 |
| 19 | 1979 | 59,677 | 27,016 | 0.45 |
| 20 | 1980 | 55,355 | 26,502 | 0.48 |
| 21 | 1981 | 50,831 | 25,442 | 0.50 |
| 22 | 1982 | 60,259 | 26,984 | 0.45 |
| 23 | 1983 | 58,757 | 27,096 | 0.46 |
| 24 | 1984 | 53,692 | 25,923 | 0.48 |
| 25 | 1985 | 71,033 | 28,505 | 0.40 |
| 26 | 1986 | 80,256 | 30,216 | 0.38 |
| 27 | 1987 | 57,826 | 25,465 | 0.44 |
| 28 | 1988 | 54,440 | 18,534 | 0.34 |
| 29 | 1989 | 49,135 | 24,456 | 0.50 |
| 30 | 1990 | 38,809 | 20,825 | 0.54 |
| 31 | 1991 | 40,750 | 18,324 | 0.45 |
| 32 | 1992 | 49,348 | 22,497 | 0.46 |
| 33 | 1993 | 53,809 | 21,373 | 0.40 |
| 34 | 1994 | 35,416 | 14,864 | 0.42 |
| 35 | 1995 | 24,752 | 10,891 | 0.44 |
| 36 | 1996 | 27,110 | 11,738 | 0.43 |
| 37 | 1997 | 33,050 | 19,290 | 0.58 |
| 38 | 1998 | 54,661 | 25,016 | 0.46 |
| 39 | 1999 | 44,822 | 24,700 | 0.55 |
| 40 | 2000 | 37,617 | 16,205 | 0.43 |

Од табелата се гледа дека бројот на склучени договори по години е различен и тој се движи од 30.000 до 105.000 договори. Имајќи предвид дека еден тутунопроизводител просечно ангажира од 4 до 5 членови од своето семејство, ќе се заклучи дека од целокуп-



ното население во Републиката се ангажирани над 10% од населението (попис 1994 год. = 1.945.932 лица).

Ако внимателно се анализира дадената табела, ќе се забележи дека во анализираниот период има постепено зголемување на просечната површина на засаден тутун по производител. Тоа произлегува оттаму што употребата на механизација (трактори, машини за садење и нижење и друга опрема), како и транзициските процеси, иницираат окрупнување на дејностите, со постојана концетрација на тутунопроизводителите, кон една основна дејност, т.е. тутунопроизводството. Употребата на механизација овозможува забрзување и олеснување на процесите во тутунопроизводството, па затоа и бројот на просечно засадените хектари по тутунопроизводител од 0,2 ха во шеесеттите, денес е зголемен на 0,5 ха. Од друга страна пак, имајќи ги предвид светските искуства, во натамошниот период, може да се очекува развивање на тутунопроизводството како семеен бизнис и како основна дејност, при што е можно зголемување на просечните површини под тутун по тутунопроизводител, кај одделни тутунопроизводители.

Цениме дека тутунопроизводството и во иднина ќе биде една од позначајните дејности во нашата Република. Затоа, потребен е и современ приод кон истото, користење на природните, економските, демографските, социјалните и другите аспекти, како и следење на развојот на техниката и технологијата, науката и искуството во современите земји.

## ЗАКЛУЧОК

Основна цел на истражувањето беше да се согледаат, проучат и расветлат некои позначајни економски и социјални аспекти на тутунопроизводството.

Врз основа на добиените резултати може да се заклучи дека во Р. Македонија, тутунот има посебно место, како во земјоделството, така и во индустријата, и воопшто кај населението. Како земјоделска кутлура, тутунот активира над 10% од нашето население, односно над 200.000 луѓе. Како производствена индустриска гранка опфаќа околу 4.000 редовно вработени.

Во неговото производство, односно во дел од производните операции, можат да бидат вклучени луѓе од различна возраст и пол, т.е. сите оние на кои им дозволува здравствената состојба и кои пројавуваат желба да се занимаваат со тоа.

Тутунот на ниво на Републиката претставува предмет на внатрешна трговија на мало и големо. Прометот на тутун во трговијата на мало, според продажбата на тутунот што ја извршиле трговските претпријатија, вклучувајќи ги тука и продавниците на производните претпријатија и одделни дуќани, е доста голем и изнесува околу 3% во вкупната трговија на мало.

Внатрешната трговија со тутунот на големо бележи процент од 8% до 16% во вкупната внтрешна трговија на големо во земјата.

Како важен извозен артикл на земјата, во некои години, тутунот достигнува околу 100 милиони долари.

Општ е заклучокот дека тутунопроизводството има големо економско значење за нашата Република, како од аспект на стабилизирање на економската состојба, така и од аспект на подобрување на социјалната состојба.

## EKONOMIC-SOCIAL ASPECTS OF TOBACCO PRODUCTION IN THE REPUBLIC MACEDONIA

Dr Trajko MICESKI

### SUMMARY

A profound investigation was carried out to study some more important economic and social aspects of production of tobacco, in Republic of Macedonia.

Tobacco has a special role both as agricultural and industrial plant. As agricultural plant it engages about 200.000 persons, which is 10% of the population, and as an industry branch it regularly employees about 4.000 people.

Among 120 tobacco producing countries in the world, Republic of Macedonia is on the 32-nd position, with an average annual production of 25.000 t. By its production of oriental aromatic type of tobacco it is among



the first 7 countries, by total tobacco production per inhabitant it is on the 4-th place, and by production of kilogram oriental tobacco per inhabitant it is on the 1-st place in the world.

Investigation proved that tobacco production in our country has a special economic and social importance.

### ЛИТЕРАТУРА

1. Анакиев д-р Борис: „Тутунопроизводството во социјалистичките земјоделски организации во Прилепскиот реон и изнајдување рационални организации на истото, Прилеп, 1973.
2. Jakimoski d-r Jorde, Zadrugarstvoto vo Republika Makedonija, Helvetika, Skopje, 1995.
3. Колективен труд, раководител на тимот Конески д-р Методија: „Проучување на производствените трошоци кај ориенталските тутуни и нивниот сооднос со трошоците на производството кај крупнолисните тутуни вирџинија и берлеј“, Прилеп, 1989.
4. Матkоски д-р Александар: „Кон раната историја на тутунот на Балканскиот Полуостров со посебен осврт на Македонија“, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, 1966.
5. Македонска академија на науките и уметностите, национална стратегија за економскиот развој на Република Македонија, Скопје, 1997 година.
6. Мицески д-р Трајче: „Местото и улогата на тутунот во стратегијата за долгорочниот развој на стопанството во Република Македонија, Тутунски лист, април-мај 1996 година.
7. Мурарџалиев д-р Александар: „Аграрна политика на Македонија“ „Гоце Делчев“ Скопје, 1994.
8. Попоски д-р Љупчо: Состојби и перспективи на тутунското стопанство во Република Македонија. Балканска конференција за тутун, Сандански - Бугарија, јули 1996 година.
9. Tobacco Briefing, „International Tobacco Growers Association“, East Grinstead, West Sussex RH 18 5FA, England, August 1994.
10. Tobacco Journal, International September/October, The New Face of Europe, 5/1994.
11. Узуноски д-р Миле: Производство на тутун, Стопански весник, Скопје, 1985 година.

12. Hawks S.N., Collins Jr & W.K., Princples of flue-cures tobacco production, N.C. State University, USA, First Edition, 1983, Edition 1987 p. 55-60.